Врз основа на член 24 и член 25 од Статутот на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија, Управниот одбор на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија на својата седница одржана на ден 20.06.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за награда на тренери за стручна работа во младински рангирани клубови**
**за остварување во натпреварувачкиот систем во 2022 година (со достигнувања заклучно до 20.06.2022)**

Член 1

Со оваа Одлука се наградуваат тренерите на 6те рангирани младински клубови со Одлуката за рангирање на клубови за оставарување во натпреварувачкиот систем на КМФМ заклучно со 20.06.2022 година донесена од УО со број 0303 – 10 од 20.06.2022 година.

Член 2

Средствата за награда на тренерите за стручна работа се доделени од Агенцијата за млади и спорт на РМ со Договор за користење на средства наш број број 0302-9/1 од 23.05.2022 година во вкупен износ од 30.000,00 денари  и истите во моментот на носење на одлуката се наоѓаат на сметката на КМФМ.

Член 3

Рангирањето на тренерите за стручна работа во рангираните младински клубови се врши според следниот редослед, процент од вкупните средства доделени за оваа намена и бруто износ за секој поединец – што значи награда плус платен персонален данок. За најуспешни тренери за стручна работа во рангираните младински клубови во тековната 2022 година се рангираат следните тренери, при што редоследот на рангираниот тренер според рангот на клубот го означува местото на успешноста на тренерот и клубот (позицијата 1 означува прворангиран - најуспешен тренер, а позицијата 6, означува шестто рангиран тренер):

1. Дејан Митровски од КБК Шампион од Скопје– 28,57% = 8.571 денари бруто износ
2. Драган Атанасовски од КБК Гладијатор од Скопје – 22,86% = 6.858 денари бруто износ
3. Александар Ристовски од КБК Будо од Кавадарци– 17,14% = 5.142 денари бруто износ
4. Александар Димовски од КБК Енерџи од Битола – 14,29 % = 4.287 денари бруто износ
5. Ѓорѓи Вчков од КБК Гладијатор од Неготино– 8,57% = 2.571 денари бруто износ
6. Филип Митревски од КБК Работнички Адора од Скопје – 8,57% = 2.571 денари бруто износ

Износот на процентот на распределба на средствата по успешност е земен според процентот што го има одредено Агенцијата за млади и спорт на РМ при распределба на вкупните средства за рангирање на младинските клубови.

Член 4

Вкупните средства доделени за оваа намена ќе се распределат според процентуалниот износ наведен во член 2 на оваа одлука во бруто износ со платен персонален данок вкалкулиран во вкупната сума за исплата и истите ќе се исплатат на личните трансакциски сметки на гореспоменатите лица.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Наш број: 0303 -10/1
Скопје, 20.06.2022 година

Претседател на КМФМ,

______________________

м-р Дејан Митровски

КИКБОКС МАИТАИ
КМФМ
ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА